СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 29 август 1973
Скопје
Број 30 Год. XXIX

Претплатата за 1973 година изнесува 150 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

331.

Врз основа на член 105 став 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72), Извршниот совет донесува

УРЕДБА

ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ — УЧЕСНИЦИ НА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ ВО ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Правата на осигурениците — учесници во Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија (осигуреници) утврдени со член 105 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се остваруваат според одредбите на оваа уредба.

Член 2

Осигурениците кои во Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија стапиле, односно започнале со активна и организирана работа најдоцна до 31 март 1948 година и учествувале во тоа движење најмалку до 8 јули 1949 година, се изедначуваат во правата од пензиското и инвалидското осигурување со учесниците во Народноослободителната војна од член 35 став 2 на Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување.

Осигурениците кои во Народноослободителното движење во Егејскиот дел од Македонија стапиле, односно започнале со активна и организирана работа од 1 април 1948 година до 30 декември 1948 година и учествувале во тоа движење најмалку до 8 јули 1949 година, се изедначуваат во правата од пензиското и инвалидското осигурување со учесниците во Народноослободителната војна од 1944 година.

Осигурениците кои во Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија стапиле односно започнале со активна и организирана работа по 30 декември 1948 година и учествувале во тоа движење најмалку до 8 јули 1949 година, се изедначуваат во правата во пензиското и инвалидското осигурување со учесниците во Народноослободителната војна од 1945 година.

Член 3

Одредбите од претходниот член се однесуваат и на осигурениците учесници во Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија кои поради ранување, болест или од политички причини (затвори, логори, интернации и слично) го прекинале учеството во тоа движење до 8 јули 1949 година.

Член 4

За утврдувањето на посебниот стаж од став 1 и 2 на член 105 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се применуваат прописите за признавање на посебен стаж.

Органот што ја води постапката за утврдување на времето кое се смета во посебен стаж, е должен претходно да прибави мислење од Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ на Македонија.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-18351
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р Ксенте Богоев, с. р.

332

Врз основа на член 124 став 6 од Законот за финансирање на Републиката и општините („Службен весник на СРМ“, бр. 3/73), а во врска со член 18-а алинеја 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Републичкиот буџет за 1973 година („Службен весник на СРМ“ бр. 24/73), Извршниот совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОТСТАПУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1973 ГОДИНА

1. Од средствата на Резервниот фонд на Социјалистичка Република Македонија, се отстапуваат средства на Републичката заедница на образованието во износ од 2.000.000 динари, за неусогласеност меѓу извршувањето на расходите и притекнувањето на приходите.

2. Средствата од претходната точка се отстапуваат без обврска на враќање.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1832/1
29 јуни 1973 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

333.

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за основање на организација за приредување игри на среќа („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72), Извршниот совет донесува

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНТИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИХОДИТЕ НА ЛОТАРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1973 ГОДИНА

1. Приходите што ќе ги оствари Лотаријата на Македонија во 1973 година од сите игри на среќа, предвидени со нејзиниот финансиски план за 1973 година во вкупен износ од 30.366 илјади динари, се распределуваат, по одбивањето на износот за исплатување на добивките и тоа:

а) делот за лотаријата на Македонија 35,44%
б) делот за придонес за Заедницата на Југословенската лотарија 1,87%
в) делот кој служи за финансирање на социјално-хуманитарните дејности и за развој на физичката култура 62,69%

2. Приходот што Лотаријата на Македонија ќе го оствари во поголем износ од износот предвиден во финансискиот план за 1973 година, ќе се распредели на истите корисници и во исти проценти како што е предвидено во точката 1 на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1868/1
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р Ксенте Богоев, с. р.

334.

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за основање на организација за приредување игри на среќа („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72), Извршниот совет донесува

О Д Л У К А

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ И ИЗНОСОТ НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ НА СОЦИЈАЛНО-ХУМАНИТАРНИТЕ ДЕЈНОСТИ И ЗА РАЗВОЈ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА ВО 1973 ГОДИНА

1. Делот од приходот на Лотаријата на Македонија наменет за финансирање на социјално-хуманитарните дејности и за развитокот на физичката култура, во вкупен износ од 8.521 илјади динари, се распределуваат:

	во 000 динари
а — за социјално-хуманитарните организации	3.449
б — за развитокот на физичката култура	3.526
в — за фудбалскиот сојуз на Југославија за користење на календарот на натпреварувањето 10,04% од планираниот промет на спортската прогноза	1.546

2. Средствата од точката 1 под а) се распределуваат на следните корисници, и тоа:

	во 000 динари
— Сојузот на здруженијата на борците од	151
— Сојузот на трудовите инвалиди	130
— Сојузот на глувите	351
— Сојузот на слепите	593
— Југословенскиот црвен крст	549
— Советот за грижи и воспитување на децата	153
— Сојузот на друштвата на дефектни деца	55
— Југословенскиот сојуз против алкохолизмот	26
— Сојузот на помош на ментално заостанатите лица	230
— Сојузот за спорт и рекреација на инвалидите	147
— Здружението на дистрофичарите на Југославија	55
Здружението на цивилните жртви од војната	51
— Југословенскиот одбор на народна техника	158

3. Средствата од точката 1 под б и в) Лотаријата на Македонија ќе ги уплатува на заедниците на физичката култура во општините за инвестициона изградба односно на Фудбалскиот сојуз на Југославија сразмерно на учеството во остварената уплата од спортската прогноза и 50% од приходите на лото на подрачјето на општината.

4. Ако Лотаријата на Македонија не го оствари приходот предвиден во финансискиот план за 1973 година, на организациите од точката 1 на ова решение сразмерно ќе им бидат намалени средствата определени со ова решение.

Ако Лотаријата на Македонија оствари приход поголем од износот утврден со финансискиот план за 1973 година, разликата на повеќе остварениот приход ќе биде распределена на организациите од точката 1 на ова решение сразмерно на нивното учество во користењето на средствата распоредени со ова решение.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 12-1869/1
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р Ксенте Богоев, с. р.

335.

Врз основа на точка 5 од Одлуката за висината и начинот на утврдувањето на девизната квота по основ на откупените девизни дознаки на работниците и иселениците („Службен лист на СФРЈ“ бр. 69/72) и точка 2 под 4 од Решението за утврдување на девизната квота на републиките и покраините за 1973 година по основ на откупените девизни дознаки на работниците и иселениците („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/73), Извршниот совет донесува

О Д Л У К А

ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДЕВИЗНАТА КВОТА ПО ОСНОВ НА ОТКУПЕНИТЕ ДЕВИЗНИ ДОЗНАКИ НА РАБОТНИЦИТЕ И ИСЕЛЕНИЦИТЕ ЗА 1973 ГОДИНА

Член 1

Девизната квота во противвредност од 55.080.000 динари за 1973 година во девизи кои се од значење за одржување на ликвидноста во меѓународните плаќања, а кои потекнуваат од девизите откупени по дознаките од работниците на привремена работа во странство и дознаките од иселениците во 1972 година, се распоредуваат по општините соодветно на бројот на граѓаните на работа во стран-

ство од одделните општини на ден 31 март 1971 година, утврден по пописот на населението од 1971 година, и тоа:

	СР Македонија	55.080.000	динари
Општина	Берово	716.040	„
„	Битола	13.494.600	„
„	Брод	550.800	„
„	Валандово	110.160	„
„	Виница	495.720	„
„	Гевгелија	330.480	„
„	Гостивар	3.084.480	„
„	Дебар	881.280	„
„	Делчево	330.480	„
„	Демир Хисар	1.046.520	„
„	Кавадарци	385.560	„
„	Кичево	1.982.880	„
„	Кочани	771.120	„
„	Кратово	385.560	„
„	Крива Паланка	550.800	„
„	Крушево	330.480	„
„	Куманово	1.093.040	„
„	Неготино	165.240	„
„	Охрид	4.075.920	„
„	Прилеп	2.487.600	„
„	Пробиштип	55.080	„
„	Радовиш	275.400	„
„	Ресен	3.580.200	„
„	Свети Николе	220.320	„
„	Скопје	4.736.880	„
„	Струга	3.690.360	„
„	Струмица	1.762.560	„
„	Тетово	5.232.600	„
„	Титов Велес	826.200	„
„	Штип	440.640	„

Член 2

Девизната квота од член 1 на оваа одлука, општините ја распоредуваат на крајните корисници, за намените предвидени во член 59, став 2 и 3 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ“ бр. 36/72 и 71/72).

Девизната квота од став 1 на овој член општините можат меѓусебно да ја отстапуваат или здружуваат.

Член 3

Организациите на здружениот труд — крајни корисници на девизите од членот 2 на оваа одлука, обезбедуваат динарски средства за откуп на девизите од девизната квота која им е распоредена.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1957/1
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р Ксенте Богоев, с. р.

336.

Врз основа на член 31 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на СРМ“ бр. 15/73), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ НА СТРУЧНАТА КОМИСИЈА ЗА ДАВАЊЕ ОЦЕНКА НА ПРОСТОРНИТЕ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И СТУДИИ ОД ЧЛЕН 30 И ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ ЗА ЛОКАЦИЈАТА НА ОБЈЕКТИТЕ ОД ЧЛЕН 46 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

I. За Претседател, членови и заменици членови на Стручната комисија за давање оценка на просторните и урбанистички планови и студии од член 30 и за давање мислење за локацијата на објектите од член 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, се именуваат:

а) за претседател:

инж. ВЛАДО КОСЕВСКИ, помошник директор на Републичкиот завод за урбанизам, станбени и комунални прашања;

б) за членови:

1. ЈОВО ЦВЕТКОВСКИ, потсекретар во Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство;

— заменик:

инж. СЛАВКО ЦОНЕВ, советник во Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство;

2. За член м-р ИВАН ДИМИТРОВСКИ, дипл. град. инженер и помошник републички секретар за индустрија;

— заменик:

БОРО РАВЊАНСКИ, советник во Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија;

3. За член ИЛИЈА ИЛИЕВСКИ, виш. инструктор во Републичкиот секретаријат за народна одбрана;

— заменик:

ДИМИТАР ЧУКАЛИЕВ, виш. инспектор во Републичкиот секретаријат за народна одбрана;

4. За член СОТИР СОТИРОВСКИ, главен републички санитарен инспектор во Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика;

— заменик:

ТОМЕ КАМИЛОВСКИ, републички санитарен инспектор во Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика;

5. За член САНДРЕ ГРУЕВСКИ, потпретседател на Комитетот за туризам и угостителство;

— заменик:

МИЛЕ МЛАДЕНОВИЌ, одговорен за објекти на Републичкиот комитет за туризам;

6. За член НИКО ТОЗИ, советник во Републичкиот секретаријат за култура;

— заменик:

ТРАЈЧЕ СТОЈКОВСКИ, советник во Републичкиот секретаријат за култура.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-1977/1
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р Ксенте Богоев, с. р.

337.

Врз основа на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Студентските центри („Службен весник на СРМ“ бр. 33/71), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ИМЕНУВАЊЕ КОНКУРСНА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СТУДЕНТСКИОТ ЦЕНТАР ВО СКОПЈЕ

I. За членови на Конкурсната комисија за именување директор на Студентскиот центар во Скопје се именуваат:

1. КИРО ПОПОВСКИ, општествено-политички работник во ЦК СКМ;

2. ФЕРИТ ВЕЉАН, советник на Републичкиот секретар за образование и наука;

3. СВЕТОЗАР ВАСИЛЕВСКИ, помошник на секретарот на Републичката заедница за образование.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1979/1
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р Ксенте Богоев, с. р.

338.

Врз основа на член 96 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“, бр. 16/70) и член 137 став 4 од Законот за средното образование („Службен весник на СРМ“, бр. 24/70 и 39/71), републичкиот секретар за здравство и социјална политика во согласност со републичкиот секретар за образование и наука, донесуваат

П Р А В И Л Н И К

ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО ЕВИДЕНЦИЈАТА И ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈАТА НА ДЕЦАТА И МЛАДИНЦИТЕ СО ПРЕЧКИ И НЕДОСТАТОЦИ ВО ФИЗИЧКИОТ И ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ, КАКО И ЗА НИВНОТО ПРИМАЊЕ ВО СПЕЦИЈАЛНИТЕ УЧИЛИШТА И СОЦИЈАЛНИТЕ УСТАНОВИ

Член 1

Како деца и младинци со пречки и недостатоци во физичкиот односно во психичкиот развој во смисла на овој правилник се сметаат децата и младинците:

— со оштетен вид;
— со оштетен слух;
— со растројство во говорот и гласот;
— физички инвалиди;
— ментално ретардирани;
— со повеќекатно оштетување (комбинирани недостатоци).

Член 2

Како деца и младинци со оштетен вид, во смисла на овој правилник, се сметаат слабовидни и слепи деца и младинци.

Како слабовидно дете и младинец се смета дете што на подоброто око, со корекционо стакло има острина на видот помала од 40% (0,4).

Како слабовидно дете и младинец се смета и дете и младинец што на подоброто око, со корекционо стакло, има острина на видот поголема од 40% (0,4), но кај кое се предвидува извесно влошување на видот.

Како слепо дете и младинец се смета детето и младинецот кое на подоброто око со корекционо стакло има острина на видот помала од 10% (0,10) и дете со централен вид на подоброто око со корекционо стакло до 25% (0,25) на кое видното поле му е стеснето до 20 степени.

Според степенот на оштетување слепите деца и младинци се разврстуваат во три групи и тоа:

1. Во I група се разврстува слепо дете и младинец кое потполно го изгубило осетот за светло (амауроза), или осетот на светлост со проекција на светло;

2. Во II група се разврстува слепо дете и младинец кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на вид до 5% (0.05), или кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на вид помал од 10% (0,10) или има видно поле стеснето до 20 степени;

3. Во III група се разврстува слепо дете и младинец кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на вид помал од 10% (0,10) и дете и младинец со централен вид на подоброто око со корекционо стакло до 25% (0,25) кое има видно поле стеснето до 20 степени.

Како слабовидно, а педагошки слепо дете и младинец, се смета дете со таква функционална способност на органот за вид која не му овозможува образование и воспитување претежно по визуелен пат.

Како слепо, а во педагошка смисла слабовидно дете и младинец, се смета дете со таква функционална способност на органот за вид, која му овозможува образование и воспитување претежно по визуелен пат.

Член 3

Како деца и младинци со оштетен слух, во смисла на овој правилник, се сметаат глувонеми, глуви и наглуви деца и младинци.

1) Глувонемо дете и младинец е она дете и младинец чиј слух во прелингвалниот или раниот лингвален период е оштетен до тој степен што му е оневозможено спонтано учење на говорот.

Глувонемите деца и младинци во смисла на овој правилник се распоредуваат во две групи:

а) Во I група спаѓа глувонемо дете и младинец со губиток или оштетување на слухот, што обострано преминува 85 дб, настанато во прелингвалниот или раниот лингвален период оневозможува спонтано учење на говорот. Аудитивните резерви се минимални и не можат да се користат во рехабилитација на слухот и говорот, туку само за постигање на поквалитетна говорна кинотека и природна говорна артикулација;

б) Во II група спаѓа практично глувонемо дете и младинец со оштетување на слухот, што обострано се движи меѓу 60 и 85 дб. настанало во прелингвалниот или раниот лингвален период и причинува немост.

2) Глуво во смисла на овој правилник е она дете и младинец чие оштетување на слухот обострано преминува 85 дб. или сосема е изгубен во касниот лингвален или постлингвален период. Говорот кај ова дете и младинец е развиен но е со полесна или потешка алтернација со аудо-протетични средства говорот не може да го восприема така што е ограничен само на визуелниот восприемателен канал.

3) Наглуво дете, во смисла на овој правилник, е дете и младинец на кое оштетувањето на слухот му оневозможува спонтано учење на говорот, нормално говорно комуницирање, непречен психофизички развиток и социјализација.

Според степенот на оштетувањето на слухот и наглувите деца и младинци се разврстуваат во три групи:

а) Во I група спаѓа дете и младинец со лесно оштетување на слухот — лесно наглуво при кои оштетувањето на слухот на обете страни или на подоброто уво се движи до 35 дб. Говорот нормално се развива но редуцирањето на слухот причи-

нува алтернација на говорните гласови и на супер-сегментните квалитети на говорот. Ваквото дете и младинец има потреба од аудитивна и говорна корекција;

б) Во II група спаѓа дете и младинец со средно оштетување на слухот — средно наглуво при кои оштетувањето на слухот на обете страни или на подоброто уво се движи меѓу 35 и 60 дб.

Средната наглувост е настаната во прелингвалниот и раниот лингвален период го попречува спонтаниот развиток на говорот односно нормалниот психофизички развој и ја отежува социјализацијата на детето. Ваквото дете и младинец има потреба од корекционен и рехабилитационен третман на говорот и слухот;

в) Во III група спаѓа дете и младинец со тешко оштетување на слухот — тешка наглувост при кои оштетувањето на слухот обострано или кај подоброто уво се движи меѓу 60—85 дб.

Тешкото оштетување на слухот, настанато во прелингвалниот или раниот лингвален период, причинува немост, го пречи психофизичкиот развој и социјализацијата. Детето од оваа категорија до рекатегоризација, што следи по рехабилитациониот третман, се категоризира како практично глувонемо дете и младинец.

Тешкото оштетување на слухот, настанато во касниот лингвален или во постлингвален период причинува алтернација на говорот и го отежнува психофизичкиот развиток односно социјализацијата.

Член 4

Како деца и младинци со растројство во говорот и гласот во смисла на овој правилник се сметаат децата и младинците на кои поради растројството на говорот и гласот им е оневозможена нормална говорна комуникација и го отежнува психо-физичкиот развој и социјализацијата. Тие се распоредуваат во две групи:

1. Деца и младинци со потешкотии во воспримањето на говорот, без оглед на тоа дали се работи за делумно растројство на перцепцијата на говорот или е во прашање способноста за разбирање на говорот во целина.

2. Деца и младинци со тешкотии во говорната перцепција и тоа:

— во фондацијата;

— во артикулирањето и емитувањето на говорните гласови;

— во акумулирањето и употребата на лексичкиот фонд;

— во совладувањето на граматичките категории;

— во логичкото и содржинското изразување;

— во читањето;

— во пишувањето; и

— во совладувањето на супсегментните квалитети на говорот.

По рехабилитациониот третман логопатите деца и младинци се рекатегоризираат.

Член 5

Како физички (соматски) инвалидни деца и младинци во смисла на овој правилник, се сметаат децата и младинците кај кои постојат оштетувања, деформации, функционална инсуфициенција или моторни пречки предизвикани со оштетување на локомоторниот систем, централниот и периферниот нервен систем или со хронични болести, поради што им е потребно постојано или привремено воспитување, образование и оспособување за живот и работа под посебни услови.

Во смисла на овој член се сметаат за физички инвалиди и деца и младинци кои не можат да се оспособуваат за самостоен живот.

Член 6

Како ментално ретардирани деца и младинци, во смисла на овој правилник, се сметаат децата и младинците под просечното интелектуално функционирање кое се јавува во развојниот период и е пропратено со несоодветно адаптивно однесување и отежната социјална интеграција и кое спрема резултатите на испитувањето на интелигенцијата имаат умствен количник (коефициент) на интелигенција од 0—70.

Според степенот на менталната ретардација децата и младинците од претходниот став се:

1. Најтешко ментално ретардирано дете и младинец чиј умствен количник ориентационо е од 0 до 20 и кое е крајно ограничено во способностите за движење, говор и грижа за своите основни лични потреби. На ваквото дете му е потребна трајна грижа и заштита.

2. Тешко ментално ретардирано дете и младинец чиј умствен количник ориентационо е од 21 до 35 и кое е со ограничени способности за движење, говор и грижа за своите основни потреби. Од својата најрана возраст бара постојана нега и грижа а може да усвои елементарни хигиенски навики.

Во училишната возраст таквото дете и младинец исто така бара потполна нега и грижа, но со него е можна воспитно-корекциона работа по посебна програма. Во подоцнешната возраст (над 15 години) може да се оспособи за едноставни корисни работи.

3. Умерено ментално ретардирано дете и младинец чиј умствен количник ориентационо е од 36—50 и кое е способно за одржување на контакти со околината, за стекнување на навики и грижа за своите основни лични потреби, поедноставно работно оспособување и прилагодување кон поедноставни барања на околината. Способно е за воспитување и образование, но не и за совладување на програмата за образование во специјалните училишта, туку по посебна програма во установи за вакви деца и младинци. Тоа може да се приспособи за вршење на едноставни работи како приучен работник под заштитни услови.

4. Лесно ментално ретардирано дете и младинец чиј умствен количник ориентационо е од 51—70 и кое е способно за воспитување и образование под посебни услови, за работно оспособување и социјална интеграција. Ваквото дете и младинец поради својата ментална ретардација не може да се образува во редовно основно училиште, туку во специјално училиште во кое програмите и постапката се прилагодени на неговите соматопсихички способности. Тоа може да усвои основна писменост, елементи од предметите на сметање, природа и општество. Може да се оспособи за приучен работник и во повеќе случаи да работи самостојно.

Член 7

Дете и младинец со комбинирани пречки и недостатоци во смисла на овој правилник е дете и младинец кое има во исто време два или повеќе недостатоци, односно пречки (слепило и глувост, физичка инвалидност и умна заостанатост и сл.).

Член 8

Стручната комисија што му дава наод и мислење на органот што решава во прв степен се состои од 5 члена и тоа:

— за деца и младинци со оштетен вид: тифлопедагог, психолог, офталмолог, педијатар и социјален работник;

— за деца и младинци со оштетен слух: сурдопедагог, психолог, оториноларинголог, педијатар и социјален работник;

— за деца и младинци со растројство во говорот и гласот: логопед, психолог, оториноларинголог, педијатар и социјален работник;

— за деца и младинци физичко-инвалидни: дефектолог, психолог, физијатар, педијатар и социјален работник;

— за деца и младинци ментално ретардирани: олигофренопедагог, психолог, неуропсихијатар, педијатар и социјален работник.

За членови на стручната комисија се именуваат стручни лица со завршено високо образование, а ако во местото нема такви лица од соодветната струка, може да се именуваат и стручни лица со више образование.

Член 9

Наодот и мислењето се дава врз основа на непосредниот преглед на детето и младинецот, како и врз основа на стручна документација за детето и младинецот.

Член 10

Наодот и мислењето на стручната комисија ги содржат податоците во образецот (бр. 1) што е составен дел на овој правилник.

Член 11

Стручната комисија што му дава наод и мислење на органот на управата кој решава во втор степен (второстепена стручна комисија) се состои од пет члена: педијатар, психолог и социјален работник како постојани членови на комисијата, а лекарот со определена специјалност и дефектологот со дефектолошко образование влегуваат во нејзиниот состав зависно од видот на попреченоста на детето за кое се бара наод и мислење.

За членови на комисијата од претходниот став, може да се именуваат лица со завршено најмалку високо соодветно образование освен социјалниот работник кој може да биде со више образование.

Член 12

Наодот и мислењето комисијата го дава на образец 1 што е составен дел на овој правилник.

Член 13

Службата за социјална заштита при општината за децата со пречки и недостатоци на крајот на првото шестомесечие и на крајот на секоја година му доставува податоци за категоризираните деца и младинци на Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика.

Член 14

Во случај на преселување на детето, службата за социјална заштита го доставува предметот на категоризираното дете односно младинец до службата за социјална заштита надлежна според местото на преселувањето.

Член 15

Приемот во специјалните училишта односно установи се врши во склад со решението за категоризација.

Член 16

Децата и младинците кои биле упатени на стручна комисија за категоризација, а при прегледот се констатира дека не спаѓаат во категориите според овој правилник и немаат потреба од заштита и оспособување во специјални училишта и други установи, не се воведуваат во евиденција, а можат да се упатат во соодветни здравствени и воспитни установи заради натамошен третман или да се предвиди посебна помош во редовната настава.

Член 17

Органот за социјална заштита во општината (центар за социјална работа) води евиденција за категоризираните деца и младинци со оштетен слух, оштетен вид, со растројство во говорот и гласот, со физички недостатоци, за ментално ретардираните и со повеќе оштетувања.

Евиденцијата од претходниот став содржи податоци за категоризираното дете, за категоријата на оштетеноста или недостатокот кај детето и за мерките потребни за рехабилитацијата и социјалната заштита на детето за решението и тоа:

— за детето или младинецот: име и презиме, ден, месец и година на раѓањето, место, општина и република на раѓањето, адреса, живеалиште, општина и република, односно на престојувалиштето и име и презиме на родителите;

— за видот на оштетувањето — недостатокот; за мислењето и наодот на комисијата за категоријата на детето; за образложение на комисијата за категоријата на детето; социјалниот наод и мислење;

— за рехабилитацијата и социјалната заштита; за образованието; воспитувањето и социјалната заштита; какви мерки се предлагаат за воспитувањето, образованието или социјалната заштита;

— за решението: број и датум на правосилното решение што е утврдена категоризацијата и број и датум на сите правосилни решенија со кои е решавано за третманот на детето.

Член 18

Евиденцијата од претходниот член се води на книга според образецот бр. 1 од овој правилник што е составен дел на овој правилник.

Член 19

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 07-03/1916
17 јули 1973 година
Скопје

Согласен
Републички секретар
за образование и наука,
Љупчо Копровски, с. р.

Републички секретар
за здравство и социјална политика,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА

_____

Образец бр. 1
Наод и мислење
(Формат: 21 x 297 мм)

Стручна комисија за давање наод и мислење за категоризација на деца и младинци попречени во физичкиот и психичкиот развиток

Бр. _____
Датум _____
Во _____

НАОД И МИСЛЕЊЕ

1. Име и презиме на детето	
2. Име и занимање на таткото	
3. Име и моминско презиме на мајката и занимање	
4. Датум и место на раѓање на детето	
5. Име и презиме на старателот	
6. Адреса и живеалиштето односно последното престојувалиште на детето (место, општина, СР)	
7. Идентитетот на детето утврден преку:	
8. Исцрпна здравствена анамнеза	
9. Социјална состојба (опачина од прва страна)	
10. Наод (потполна дијагноза со потребни клинички и др. наоди)	
11. Мислење за категоријата на детето и што треба да се преземе за негова заштита, воспитување, образование и оспособување за живот и работа	
12. Образложение на мислењето за категоријата на детето и младинецот	
13. Датум на јавувањето на повторен преглед	

Забелешка:

Членови на Комисијата:

1. _____
2. _____
3. _____
4. _____

Претседател на Комисијата,

_____

Образец бр. 2
Страна ———

Книга за евидентирање на децата и младинците со пречки и недостатоци

За детето	Име и презиме	
	Ден, месец и година на раѓање	
	Место, општина и република на раѓањето	
	Адреса на станот, живеалиште, општина и република односно престојувалиште	
	Име и презиме на родителите	
За видот на оштетување (недостатокот)	Мислење и наод на комисијата и категоријата на оштетувањето — недостатокот кај детето	
	Образложение на комисијата	
	Социјален наод и мислење	
Мерки за рехаб. и заштита	Предложени мерки за образование, воспитување, рехабилитација и заштита	
За правосилните решенија	Број и дата на решенијата со кои е решавано за третманот на детето	

Забелешка:

ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

120.

Врз основа на член 2, 3 и 4 од Законот за задолжително примање на приправници Сојузот на синдикатите на Македонија, Сојузот на младината на Македонија, Стопанската комора на Македонија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Сојузот на заедниците за здравствено осигурување на Македонија, Републичката заедница за образование, Републичката културно-просветна заедница и Заедницата за здравствените установи на СР Македонија го склучуваат овој

ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПРИМАЊЕ НА ПРИПРАВНИЦИ

Член 1

Со овој општествен договор се утврдуваат критериумите и условите за примање на приправници со високо, више, средно образование и средно образование за одредени занимања врз основа на кои организациите на здружениот труд и државните органи, работните заедници на општествено-политичките организации и интересните заедници и други организации (во натамошниот текст: организации и органи) ќе го вршат приемот на приправници.

Член 2

Организациите и органите ќе примаат приправници според програмите за својот развој, а во согласност со условите и критериумите на овој договор.

Член 3

Организациите и органите се должни секоја година да примаат оноклав број на приправници со високо, више, средно образование и средно образование за одредени занимања колку што изнесува бројот на природниот одлив и флуктуацијата на вработените со високо, више, средно образование и средно образование за одредени занимања на 31. XII. од претходната година.

Член 4

Организациите и органите покрај обврските од претходниот член, должни се да примаат приправници и по соодветните критериуми предвидени во наредните членови на овој договор.

Член 5

Организациите од областа на стопанството должни се примањето на приправници да го вршат зависно од квалификационата структура на вработените според следните критериуми:

1. Организациите од индустријата и рударството, земјоделството, шумарството, градежништвото и станбено-комуналната дејност кај кои во структурата на вкупниот број на вработените стручни кадри со високо и више образование се застапени со стапка помала од 6%, стручните кадри со средно образование со стапка помала од 13% и стручните кадри со средното образование за одредено занимање со стапка помала од 33%, должни се со примањето на приправници со високо и више образование, средно и средно за одредено занимање да ја обезбедат стапката поради која е создадена обврската за примање на приправници со таков степен на образование.

По исклучок од претходниот став стапката на стручните кадри со средното образование кај градежништвото изнесува 10%.

2. Организациите од внатрешна трговија и одделните организации кои обавуваат трговска дејност кај кои во структурата на вкупниот број на вработените, стручните кадри со високо и више образование се застапени со стапка помала од 8%, стручните кадри со средно образование со стапка помала од 18% и стручните кадри со средно образование за одредено занимање со стапка помала од 34% се должни со примањето на приправници со високо и више образование, средно и средно за одредено занимање да ја обезбедат стапката поради која е создадена обврска за примање на приправници со таков степен на образование.

Организациите од надворешната трговија кои во структурата на вкупниот број на вработените, стручните кадри со високо и више образование се застапени со стапка помала од 55% и стручните кадри со средно образование со стапка помала од 35% се должни со примањето на приправници со високо, више и средно образование да ја обезбедат стапката поради која е создадена обврска за примање на приправници со таков степен на образование.

3. Организациите од сообраќајот кај кои во структурата на вкупниот број на вработените, стручните кадри со високо и више образование се застапени со стапка помала од 5%, стручните кадри со средно образование со стапка помала од 12% и стручните кадри со средно образование за одредено занимање со стапка помала од 38% должни се со примањето на приправници со високо и више образование, средно и средно за одредено занимање да ја обезбедат стапката поради која е создадена обврска за примање на приправници со таков степен на образование.

4. Организациите во врските (поштите) кај кои во структурата на вкупниот број на вработените, стручните кадри со високо и више образование се застапени со стапка помала од 18%, стручните кадри со средно образование со стапка помала од 39% и стручните кадри со средно образование за одредено занимање со стапка помала од 16%, должни се со примањето на приправници со високо и више образование, средно и средно за одредено занимање да ја обезбедат стапката поради која е создадена обврската за примање на приправници со таков степен на образование.

5. Организациите од угостителството и туризмот кај кои во структурата на вкупниот број на вработените, стручните кадри со високо и више образование се застапени со стапка помала од 5%, стручните кадри со средно образование со стапка помала од 10% и стручните кадри со средно образование за одредено занимање со стапка помала од 40%, должни се со примањето на приправници со високо и више образование, средно и средно за одредено занимање да ја обезбедат стапката поради која е создадена обврска за примање на приправници со таков степен на образование.

6. Организациите од занаетчиството кај кои во структурата на вкупниот број на вработените, стручните кадри со високо и више образование се застапени со стапка помала од 4%, стручните кадри со средно образование со стапка помала од 10% и стручните кадри со средно образование за одредено занимање со стапка помала од 36% должни се со примањето на приправници со високо и више образование, средно и средно за одредено занимање да ја обезбедат стапката поради која е создадена обврската за примање на приправници со таков степен на образоавние.

Член 6

Организациите од дејноста финансии и осигурување: банките, осигурителните заводи, штедилниците, Југословенската лотарија и службите на општественото книговодство кај кои во структурата на вкупниот број на вработените, стручните кадри со високо и више образование се застапени со стапка помала од 30% и стручните кадри со средно образование со стапка помала од 60%, должни се

со примањето на приправници со високо, више и средно образование да ја обезбедат стапката поради која е создадена обврска за примање на приправници со таков степен на образование.

По исклучок од претходниот став на овој член приемот на приправници во банките ќе се врши врз следните критериуми:

Народната банка, Службата на општественото книговодство — централа на СРМ и заедничките служби на деловните банки кои во структурата на вкупниот број на вработените, стручните кадри со високо и више образование се застапени со стапка помала од 35% и стручните кадри со средно образование со стапка помала од 55%, сите филијали на банките, деловните банки и Службата на општественото книговодство, кои во структурата на вкупниот број на вработените, стручните кадри со високо и више образование се застапени со стапка помала од 25% и стручните кадри со средно образование со стапка помала од 65%, должни се со примањето на приправници со високо, више и средно образовтние да ја обезбедат стапката поради која е создадена обврска за примање на приправници со таков степен на образование.

Член 7

Организациите од областа на стопанството се должни да примаат годишно најмалку 1/3 од вкупниот број на приправници утврден според критериумите на член 5 и 6 од овој договор.

Член 8

Организациите на здружениот труд од областа на здравството (во натамошниот текст: здравствените работни организации) должни се да примаат приправници од високо, више и средно образование и тоа:

— здравствените работни организации во кои се вработени над 10 до 50 работници да примаат годишно најмалку по 1 приправник;

— здравствените работни организации во кои се вработени над 50 до 100 работници да примаат годишно најмалку 2 приправници;

— здравствените работни организации во кои се вработени над 100 до 200 работници да примаат годишно најмалку 3 приправници;

— здравствените работни организаци во кои се вработени над 200 работници да примаат годишно најмалку 3 приправници за првите 200 вработени, а на секои натамошни 100 вработени уште по 1 приправник.

Член 9

Освен примањето на приправници од претходниот член, здравствените работни организации должни се да примаат и дополнителен број на приправници и тоа лекари и забни лекари, сразмерно на своите работни капацитети.

Приправниците од претходниот став на овој член имаат право на надоместок на личен доход за времето поминато во приправничкиот стаж. Месечниот надоместок на личен доход на овие приправници треба да е во висина на личните доходи на приправниците во соодветната здравствена организација примени по критериумите на член 8.

Заедницата на здравственото осигурување на работниците и заедниците на здравственото осигурување на земјоделците од чие подрачје се здравствените работници од став 1 на овој член, со посебен договор со здравствените работни организации ќе го регулираат стажирањето на приправниците, како и ќе ги обезбедат потребните средства за надоместок на месечен личен доход за овие лица сразмерно учеството во финансирањето на здравствената заштита.

Член 10

Организациите од образовно-воспитната, научната и наставната дејност, културата и просветата кои во педагошките и административно-техничките служби имаат вработено преку 20 а до 50 работници, должни се да примаат најмалку 1 приправник со високо, више или средно образование, а на секои наредни 50 вработени работници во тие служби уште по еден приправник.

Член 11

Организациите од областа на образованието и просветата во договор со интересната заедница а во согласност со член 3 од овој договор, должни се во тековната учебна година да примаат толку приправници за наставно-воспитната работа колку што, поради природниот одлив на постојните наставно-воспитни работници и поради проширување на дејноста, би останале слободни работни места во идната учебна година.

Организациите од претходниот став се должни во почетокот на тековната учебна година а најдоцна до крајот на првото полугодие да го утврдат бројот и профилот на приправниците што се должни да ги примаат според одредбите од претходниот став.

Член 12

Организациите (стручните служби) на интересните заедници должни се на 10—20 вработени да примаат по 1 приправник, а на секои натамошни 20 вработени уште по 1 приправник годишно.

Член 13

Републичките органи на управата, службите на Собранието на СР Македонија, Извршниот совет на Собранието на СРМ, Градското собрание на Скопје, општинските органи на управата и органите и организациите што вршат работи од општ интерес за Републиката, град Скопје и општините, месните заедници, Стопанската комора на Македонија, работните заедници на општествено-политичките организации, друштвата и здруженијата должни се на секои 10—40 работни места да примаат по 1 приправник, а на секои наредни 30 уште по 1 приправник.

Член 14

Правосудните органи кои вработуваат до 10 работници, должни се годишно да примаат по 1 приправник, а од 10—20 уште по 1 приправник, а на секои наредни 20 по 1 приправник годишно.

Член 15

Овој договор е усвоен откога учесниците ќе го потпишат во истоветен текст, а влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 07-1913/1
19 јули 1973 година
Скопје

— за Сојузот на синдикатите на Македонија — **Кице Нонковски**
— за Стопанската комора на Македонија — **Асен Симитчиев**
— за Сојузот на младината на Македонија — **Благоја Станоевски**
— за Извршниот совет на СР Македонија — **Ванчо Близнаковски**
— за Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија — **Томе Дракулевски**
— за Републичката заедница за образование — **Елена Ѓурковиќ**
— за Републичката културно-просветна заедница — **Томе Момировски**
— за Заедницата на здравствените установи на СР Македонија — **Ѓорѓи Камчевски.**

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

121

Врз основа на член 45 став 1 точка 4 и член 171 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците („Службен весник на СРМ“ бр. 33/72), Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 10. VII. 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ

Член 1

Основицата за пресметување придонес за здравственото осигурување за одделни категории осигуреници се утврдува и тоа:

1. За работниците вработени кај приватните работодавци, личниот доход договорен меѓу работодавецот и работникот, но не помалку од следниот износ:

— неквалификувани работници	800,00 дин.
— полуквалификувани работници	1.000,00 „
— квалификувани работници	1.200,00 „
— висококвалификувани работници	1.500,00 „

2. За домашните помошнички, личниот доход договорен меѓу работодавецот и домашната помошничка, но не помалку од 800,00 динари.

3. За учениците во стручните училишта за одделни занимања и струки во стопанството, за кои покрај училишната се изведува и практична настава во работната организација, училиштето или приватниот работодавец, е наградата што ја примил, но не помалку од следниот износ:

— за прва година	100,00 дин.
— за втора година	200,00 „
— за трета година	300,00 „

4. За лицата на договорна практика (волонтери) што не примаат личен доход, ако работат со полно работно време износ од 830,00 динари месечно.

Член 2

Основиците утврдени во член 1 од оваа одлука, почнувајќи од 1 јануари 1974 година, се пресметуваат во почетокот на секоја календарска година на соодветни повисоки износи, со примена на валоризационен коефициент за порастот на просечните лични доходи утврдени за минатата година во СР Македонија, со тоа што добиените износи се заокружуваат на цели десетици нагоре.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила првиот нареден ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА
НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ
НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 02-21774/1
10 јули 1973 година
Скопје

Претседател,
Александар Стојановски, с. р.

122

Врз основа на член 45 став 1 точка 3 и член 171 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Скопје („Службен весник на СРМ“ бр. 33/72), Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на ден 10. VII. 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ВИСОЧИНАТА НА СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО

Член 1

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство се определува во височина од 20% од нето личниот доход односно основицата утврдена со посебна одлука.

Посебниот придонес од претходниот став се распоредува по видови на правото сразмерно на стапките определени во член 1 на Одлуката за стапките на придонесите на здравственото осигурување на работниците на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Скопје („Службен весник на СРМ“ бр. 45/72).

Посебниот придонес се плаќа во валута во која се прима личниот доход.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила првиот нареден ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА
НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ
НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 02-21773/1
10 јули 1973 година
Скопје

Претседател,
Александар Стојановски, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — БИТОЛА

123

Врз основа на член 38 став 1 точка 1 и член 81 став 3 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Битола („Службен весник на СРМ“ бр. 43/72), Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Битола, на седницата одржана на ден 28. VI. 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ВИСОЧИНАТА НА ПОСТОЈАНИОТ ИЗНОС НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИЗДАДЕНИТЕ ЛЕКОВИ ВО 1973 ГОДИНА

I

На име учество во трошоците за користење на издадените лекови, освен лековите за чија примена е потребна непосредна интервенција на стручен здравствен работник, осигурените лица плаќаат по 3,00 динари по издаден лек во аптека или друга здравствена установа на територијата на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Битола, без оглед на цената на чинењето на лекот.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. VII. 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА
НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ
НА РАБОТНИЦИТЕ — БИТОЛА

06 - Бр. 481
28 јуни 1973 година
Битола

Претседател,
Бл. Силјановски, с. р.

124.

Врз основа на член [illegible], [illegible], [illegible] и [illegible] од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и член 38 став 1 точка 1, член 111. 133, 135 и 138 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Битола („Службен весник на СРМ“ бр. 43/72), Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Битола, на седницата одржана на ден 28. VI. 1973 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПАРИЧНИ НАДОМЕСТОЦИ И ПОМОШТИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува височината на паричните надоместоци и помошти кои им се исплатуваат на осигурените лица на товар на средствата на Заедницата.

а) Надоместок на личен доход

Член 2

На осигуреник кој го исполнува условот на претходно осигурување и му престане работниот однос во текот на привремената неспособност за работа или таа неспособност настапи во рок од 30 дена од престанокот на работниот однос (чл. 100 од Статутот), му се исплатува надоместок во височина од 80% од основицата за првите 30 дена на спреченоста за работа.

Член 3

На осигурениците од член 96 став 4 и член 111 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците во Битола, им се утврдува основица за надоместок и тоа:

1. За осигурениците на доброволна практика — волонтери што не примаат личен доход, основицата изнесува 900,00 динари;

2. За осигурениците од член 61 став 1 точка 1 од Статутот според школската спрема и тоа:

— 800,00 динари за студенти на факултет, уметнички академии и високи школи;

— 750,50 динари за студенти на виши школи;

— 600,00 динари за ученици на средни училишта; и

— за останатите осигуреници од член 61 од Статутот 600,00 динари.

Член 4

Надоместокот на осигурениците од претходниот член го исплатува Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Битола, на товар на своите средства од првиот ден на привремената неспособност — спреченост за работа и тоа во височина од 80% од основицата.

б) Надоместок на трошоци за сместување и исхрана

Член 5

На осигурените лица кои се упатуваат во друго место за остварување право на здравствена заштита, им се исплатува надоместок на трошоци за сместување и исхрана во височина и тоа:

1. За лекување вон СРМ во другите републички центри 70 динари;

2. За лекување во Скопје 50 динари;

3. За лекување во здравствена работна организација оддалечена над 50 км. во еден правец 30 динари;

4. За лекување во здравствена работна организација оддалечена над 20 [illegible] правец 20 динари.

в) Надоместок на трошоци за закоп

Член 6

Височината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице изнесува:

1. За осигурено лице до 1 година возраст 400 динари;

2. За осигурено лице преку 1 година до 7 години возраст 600 динари;

3. За осигурено лице преку 7 години до 14 години возраст 800 динари;

4. За осигурено лице преку 14 години возраст 1000 динари.

г) Спрема за новородено дете

Член 7

Височината на помошта за спрема на новородено дете изнесува 200 динари.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува на случаи настанати по 30 јуни 1973 година.

Број 06-483
28 јуни 1973 година
Битола

Претседател,
Бл. Силјановски, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ — БИТОЛА

125.

Врз основа на член 36 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), член 40 став 1 точка 1 и член 66 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Битола („Службен весник на СРМ“ бр. 43/72), Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Битола, на седницата одржана на ден 28. VI. 1973 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ВИСОЧИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ

Член 1

Со оваа одлука се определуваат видовите на здравствените услуги при чие користење осигурените лица на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Битола, задолжително учествуваат во поднесувањето на трошоците, како и височината на тоа учество.

Член 2

Осигурените лица од претходниот член не учествуваат во трошоците при користењето на здравствените услуги кои имаат карактер на задолжителни видови на здравствена заштита (член 30 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението).

Член 3

Осигурените лица учествуваат во вредноста на здравствената услуга и тоа:

1. За амбулантно-поликлинички прегледи и услуги (општи и специјалистички) 50% од вредноста на услугата;

2. За лекување во стационарни здравствени работни организации 50% од вкупните трошоци на услугата;

3. За користење на превоз со брза помош во итни и медицински оправдани случаи 50% од вредноста на услугата;

4. За користење на лекови и санитетски материјал во амбулантно-поликлиничкото лекување кога не се пресметани во цената на услугата 50% од вредноста на лековите и санитетскиот материјал;

5. За незадолжителни вакцинации 50% од цената на услугата;

6. За лекување, пломбирање и вадење на заби 50% од цената на услугата за осигурени лица над 15 годишна возраст во колку не се редовни ученици или студенти;

7. За амбулантно-поликлиничко и стационарно лекување (став 1 точка 1 и 2 од овој член) на редовни ученици над 15 годишна возраст и студенти до крајот на пропишаното редовно школување — 20% од вредноста на услугата;

8. За здравствени услуги укажани со цел за естетска корекција на оддели органи или делови на телото и хируршки корекции на вродени недостатоци и деформитети — 50% од вредноста на услугата; и

9. За извршени абортуси кога постои апсолутна медицинска индикација — 50% од вредноста на услугата.

Член 4

Осигурените лица предвиденото учество во трошоците за користењето на здравствените услуги по претходниот член го плаќаат на здравствената работна организација што ја извршила услугата.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила по нејзиното донесување и објавување во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јули 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА
НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ
НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ — БИТОЛА

Број 06-24
28 јуни 1973 година
Битола

Претседател,
Димче Кајчиновски, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — ПРИЛЕП

126.

Врз основа на член 28 и 36 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и член 82 ст. 1 точка 5 и 6, член 84 и 44 ст. 1 т. 1 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците, Прилеп, Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Прилеп, на својата седница од 18. VI. 1973 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ТРОШОЦИТЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Заради порационално и поекономично користење на средствата наменети за здравствена заштита, со оваа одлука се определуваат видовите на здравствените услуги при чие користење осигурените лица на Заедницата задолжително учествуваат во поднесувањето на трошоците, како и висината на тоа учество.

Член 2

Оваа одлука се применува на осигурените лица на Заедницата кои се осигурени по одредбите на Статутот на Заедницата и Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението.

Осигурените лица од претходниот став не учествуваат во трошоците при користењето на здравствените услуги кои спаѓаат во задолжителните видови на здравствена заштита, како и за тие кои се предизвикани со несреќа на работа и професионални заболувања предвидени по Законот и Статутот.

Член 3

Осигурените лица учествуваат во поднесување на трошоците за:

1. — Здравствените услуги пружени со цел за естетска корекција на оддели органи или делови на телото, естетски операции на: носот, ушните школки, лицето, дојките, операција на брадавица и сл. — со 50% од вкупната вредност, освен кога корекциите се потребни за премавнување на функционални и психички пречки — психичка надградба и оштетувања предизвикани не по вина на осигурениот.

За случаите кои треба да се ослободат од учество во трошоците по оваа точка треба да се прибави мислење од Лекарската комисија на Заедницата;

2. — Здравствените услуги пружени со цел за хируршки корекции на вродените недостатоци и деформации или слични на нив, настанати пред добивањето својство на осигурено лице — со 30%;

3. — Сите здравствени услуги — абортуси за кои не постои апсолутна медицинска индикација или е криминален случај:

— за прв случај на абортус	50%,
— за сите останати понатамошни случаи	75%.
4. — Чевли со протези	30%.
5. — Ортопедски чевли: во вредност до 200.00 дин.	30%.
— во вредност до 250,00 дин.	25%.
— во вредност преку 250,00 дин.	30%.
6. — Нараквици	30%
7. — Сите видови на гумени чорапи	30%.
8. — Затеги, суспензориуми и појаси	30%.
9. — Корсети и мидери	30%.
10. — Ортопедски влошки	40%.
11. — Кожни капи	40%.
12. — Протези за горни и долни екстремитети (вештачки раце со дланки, функционални продолжетоци и непоставени кожни нараквици), како и [illegible] (со навлака за поткинат дел), кога потребата за овие протези настанала пред добивањето на својство на осигурено лице	20%.
13. — Очила или само стакла	30%.
14. — Слушни помагала	20%.
15. — Апарати за говор	20%.
16. — Заботехничка помош и протетски средства	20%.
17. — Привремени и имедијатни протези	30%.
18. — Протези „ВИЗИЛ“	30%.
19. — Вештачка дојка	40%.
20. — Перики	40%.

Член 4

Учеството во трошоците — партиципацијата на новововедени или неопфатени помагала и справи во претходниот член, се одредува спрема сличноста и намената на помагалата кои се наведени, а по мислење на лекарот кој тоа помагало — справа ја препишал.

Како трошоци во смисла на оваа одлука се сметаат: цените на услугите, помагалата и санитарните справи утврдени со договор помеѓу Заедницата и здравствената работна организација односно работна организација која го испорачува помагалото и санитарните справи односно лекот.

Член 5

Осигурените лица го плаќаат утврдениот дел на учеството со оваа одлука на организацијата која ја извршила услугата, односно која ќе го испорача помагалото односно справата, а која има склучено договор со Заедницата односно со подрачната Заедница на здравственото осигурување.

Член 6

Осигурените лица не учествуваат во трошоците на поправка на помагалата, кога на таква поправка имаат право според Правилникот.

Член 7

Не учествуваат во трошоците за здравствена заштита и тоа:

1. — Сите осигурени лица при користење на услугите и правата од задолжителните видови на здравствена заштита.

2. — Училишната младина и студентите до 26 годишна возраст при систематските прегледи, при заштитата и лекувањето на заби — преглед и лекување на заби, за протетички и рехабилитациони мерки кај оштетувањето, аномалиите на видот и слухот, кај ортопедски аномалии и деформитети, што ги вршат здравствените домови, медицинските центри, клиниките, специјалните болници и Заводот за медицинска рехабилитација на СРМ — Скопје.

3. — Воените инвалиди, носителите на „Партизанска споменица 1941“, народните херои, носителите на „Караѓорѓева звезда со мечеви“, со „Орден бел орел со мечеви“ и „Златен медал на Обилиќ“, борците на Шпанската националноослободителна и револуционерна војна, освен при користењето на лекови и незадолжителни имунизации.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. VII. 1973 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 3055
18 јуни 1973 година
Скопје

Претседател,
Ристо Џајковски, с. р.

Oделен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на тужителката Билеркесер, род. Муликќ Сенија, населба „Чаир“, згр. 26, стан 14, Скопје, против туженот Билеркесер Јилмаз од Скопје, со непозната адреса, за развод на брак. Вредност на спорот 2.000 нови динари.

Се поканува туженот Билеркесер Јилмаз во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави лично во судот или да ја соопшти својата адреса. Доколку во одредениот рок не се јави на туженот ќе му се определи старател.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 239/73.
(105)

ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Стоја Капетанова од Битола, ул. „Иван Милутиновиќ“ бр. 15/16, поднесе тужба во овој суд за развод на брак против Павле Гаков, со непознато место на живеење.

Бидејќи туженият Павле е во неизвесност се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да определи свој застапник.

Во противно ќе му биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 428/73.
(102)

Тегов Христо од Битола, ул. „Иван Милутиновиќ“ бр. 15/16, поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Лена Тегова, со непознато место на живеење. Бидејќи тужената е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да определи свој застапник.

Во противно ќе ѝ биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 429/73.
(103)

Стојановски Стојко од Битола, ул. „Гостивар“ број 7 и Мрзева Катерина од Битола, ул. „Панде Јовевски—Кајзеро“ број 34, поднесоа тужба до овој суд за поништување на брак против Стојановска Софка од Битола, ул. „Гостивар“ број 7, сега во неизвесност во Австралија. Бидејќи тужената е во неизвесност се повикува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“, да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во противно на истата ќе ѝ биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 19/73.
(98)

Лилјана Груевска од Прилеп, ул. „Гога Јанкуловски“ бр. 5, поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Трендафил Груевски од Битола, ул. „Херцеговина“ број 52, сега во неизвесност. Бидејќи туженият Трендафил е во неизвесност се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“, да се јави во овој суд или да определи свој застапник.

Во противно ќе му биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 270/73.
(99)

Ристо Ангелевски од Битола, ул. „Иво Рибар-Лола“ број 11, поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Вера Урдаревска од село Цапари, сега со непознато место на живеење. Бидејќи тужената е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“, да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во противно ќе ѝ биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 251/73.
(100)

ОПШТИНСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

При Општинскиот суд во Прилеп, се води постапка за докажување смртта на лицето Андон Најдов Чирунски, бивш од село Кривогаштани, Собрание на општината Прилеп, за кого се претпоставува дека исчезнал — убиен од непознато лице во месец октомври 1966 година во село Кривогаштани.

Се поканува секое лице кое нешто знае за него да јави во рок од 3-три месеци од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ".

Од Општинскиот суд во Прилеп, Р. бр. 565/73. (97)

ОПШТИНСКИ СУД ВО КУМАНОВО

Премче Пандиловски од Тетово, ул. „Цветан Димов" бр. 61, поднесе тужба до овој суд против туженият Ацо Дудевски од САД, со непозната адреса. Вредност на спорот 500 нови динари.

Со оглед дека адресата и местото на живеење на туженият се непознати се повикува, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ", да се јави или да определи застапник. Во спротивно судот, по службена должност, го определува за застапник Миле Поповски, приправник при Општинскиот суд во Куманово, и предметот ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Општинскиот суд во Куманово, П. бр. 888/72. (104)

РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 176, страна 377, книга II е запишана под фирма: Тутунов комбинат — Куманово, Организација на здружен труд, без својство на правно лице — Продавница во село Лојане, Кумановско. Предмет на работењето на продавницата е продажба на селскостопански производи, индустриски, прехранбени и непрехранбени производи, колонијални стоки, гуми, пластични производи. текстил и друга стока за потребите на домаќинството.

Продавницата е основана од Тутуновиот комбинат — Куманово, со одлуката бр. 02-1467 од 18. V. 1972 година на работничкиот совет, од одржаната седница на 16. V. 1972 година.

Раководител на продавницата е Стоиле Стоилковиќ.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Комбинатот, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 558 од 28. VII. 1972 година. (1243)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 176, страна 377, книга II е запишана под фирма: Тутунов комбинат — Куманово, Организација на здружен труд, без својство на правно лице — Продавница во село Лојане, Кумановско. Предмет на работењето на продавницата е продажба на селскостопански производи, индустриски, прехранбени и непрехранбени производи, колонијални стоки, гуми, пластични производи. текстил и друга стока за потребите на домаќинството.

Продавницата е основана од Тутуновиот комбинат — Куманово, со одлуката бр. 02-1467 од 16. V. 1972 година, од одржаната седница на 16. V. 1972 година.

Раководител на продавницата е Зејадин Селмани.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Комбинатот, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 556 од 28. VII. 1972 година. (1244)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 176, страна 377, книга II е запишана под фирма: Тутунов комбинат — Куманово — Организација на здружен труд, без својство на правно лице — Продавница бр. 5, во село Опае, Кумановско. Предмет на работењето на продавницата е продажба на селскостопански производи, индустриски, прехранбени и непрехранбени производи, колонијални стоки, гуми, пластични производи, текстил и стока за потребите на домаќинството.

Продавницата е основана од Тутуновиот комбинат — Куманово, со одлуката бр. 1467 од 16. V. 1972 година на работничкиот совет.

Раководител на продавницата е Алити Кани.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Комбинатот, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 559 од 28. VII. 1972 година. (1245)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 27, страна 714, книга I е запишана под фирма: „Бор" — Трговско претпријатие, на големо и мало — Кичево — Организација на здружен труд, без својство на правно лице — Продавница бр. 15, во село Длапкин Дол, Кичевско. Предмет на работењето на продавницата е продажба на индустриско-прехранбени артикли.

Продавницата е основана од „Бор" — Трговско претпријатие, на големо и мало — Кичево, со одлуката бр. 02-437 од 20. VI. 1972 година на работничкиот совет.

Раководител на продавницата е Алијоски Нешат.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 790 од 30. VIII. 1972 година. (1246)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 27, страна 716, книга I е запишана под фирма: „Бор" — Трговско претпријатие, на големо и мало — Кичево — Организација на здружен труд, без својство на правно лице — Продавница бр. 16, во Кичево, „Булевар на ослободувањето" бр. 22. Предмет на работењето на продавницата е продажба на стакло и порцелан.

Продавницата е основана од „Бор" — Трговско претпријатие, на големо и мало — Кичево, со одлуката бр. 02-437 од 21. VI. 1972 година на работничкиот совет, од одржаната седница на 20. VI. 1972 година.

Раководител на продавницата е Петрески Драган.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 791 од 30. VIII. 1972 година. (1247)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1546, страна 359, книга VII е запишана под фирма: Земјоделско производно-трговско претпријатие, на големо и мало. „Перистер" — Скопје — Продавница во Село Дреново (продавницата ќе работи во состав на погонот во с. Дреново). Предмет на работењето на продавницата е промет со прехранбени и индустриски стоки.

Раководител на продавницата е Паризов Вељан.

Продавницата е основана со одлуката на советот на работната заедница на Претпријатието „Перистер" — Скопје, бр. 03-81 од 10. IV. 1972 година.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие односно потписниците на Погонот во с. Дреново.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 654 од 24. VII. 1972 година. (1249)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 270, страна 99, книга III е запишана под фирма: Занаетчиско трговско и посредничко претпријатие, на големо и мало, „Јадран" — Неготино

правно лице — Продавница во Неготино (на местото викано „Бензинска пумпа“ б. б. — Автопат — Неготино). Предмет на работењето на продавницата е вршење промет со сите резервни авто-делови, на мало.

Продавницата е основана од Занаетчиското претпријатие „Јадран“ — Неготино, со одлуката бр. 0201 од 3. V. 1972 година на работничкиот совет, од одржаната седница на 17. IV. 1972 година.

Раководител на продавницата е Темелков Лазар.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 474 од 3. VIII. 1972 година. (1251)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1541, страна 225. книга VII е запишан под фирма: Земјоделско производно трговско претпријатие, на големо и мало „Перистер“ — Скопје, Самостојна организација на здружен труд, без својство на правно лице — Погон село Дреново, Кавадарци. Предмет на работењето на погоните земјоделско производство на општонароден имот; земја земена под закуп или добиена на бесплатно користење; организирање на земјоделско-градинарско производство преку создавање на разни видови кооперации и вршење услуги на земјоделски производители со земјоделски машини и справи, како и вршење на разни други услуги кои се во врска со земјоделското производство; вршење на транспортни услуги; организирање и подигање на лозови насади со договарање; промет со сите видови земјоделски производи; промет со репродукциони материјали; организирање и развој на живинарство; заштита на сите видови растенија; трговија, на мало, преку свои продавници на прехранбени артикли, индустриски стоки, текстилни производи, огревен и градежен материјал, сите видови керамика и електро-инсталациони материјали.

Раководител на погонот е Делов Јован.

Погонот е основан со одлуката на работната заедница на Претпријатието „Перистер“ — Скопје, бр. 03-49 од 16. VI. 1972 година.

Погонот ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Делов Јован, раководител, Игов Киро и Јованов Ристо. во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 654 од 24. VII. 1972 година. (1250)

КОНКУРСИ

Конкурсната комисија при Работната заедница на Градската аптека „7 Ноември“ — Гевгелија

распишува

КОНКУРС

за именување директор на аптеката (реизбор)

УСЛОВИ:

— кандидатот да има завршено фармацевтски факултет,

— да има работно искуство најмалку 5 години во струката, односно 3 години на раководно место,

— да не е осудуван за кривични дела,

— да не се води судска постапка против него или пак со судска одлука да не му е забрането вршење на должност директор,

— да поседува морално-политички квалитети.

Молбите со потребните документи да се доставуваат до Градската аптека „7 Ноември“ — Гевгелија писмено или лично.

Личен доход според Правилникот за распределба на личните доходи на аптеката.

Некомплетирани документи нема да се земаат предвид при разгледувањето.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето.

Работничкиот совет при „Борец“ — Универзална работна организација — Скопје

распишува

КОНКУРС

за пополнување на работното место ДИРЕКТОР — избор

УСЛОВИ:

— да има висока спрема — градежен смер со 5 години работно искуство и три години на раководно место во градежништво,

— да има средна стручна спрема — градежен техничар со 8 години работно искуство и 5 години на раководно место, и

— да е висококвалификуван работник — палир со над 10 години работно искуство и 5 години на раководно место.

Кандидатите се должни, покрај доказите за образование и работен стаж, да достават и писмена биографија од каде ќе се види движењето во работата, како и морално-политичките квалитети, а според самоуправната спогодба за раководни места — кадри во стопанство. Кандидатите треба да достават уверенија дека не се осудувани и дека не се под истрага.

Пријавите со некомплетирани документи не се земаат предвид при разгледувањето.

Личниот доход според Правилникот за распределба на личните доходи на претпријатието.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето. (1103)

Конкурсната комисија при Училиштето за медицински сестри и акушерки — Штип

распишува

КОНКУРС

за прием на еден професор по англиски јазик

Кандидатот треба да има завршено Филозофски факултет — група англиски јазик — и да ги исполнува општите услови предвидени со ОЗРО.

Кон молбата таксирана со 2,00 динари, кандидатот треба да ги достави и сите потребни документи за засновање на работен однос по ОЗРО.

Некомплетирани документи нема да бидат земени во предвид.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (1122)

Конкурсната комисија при Трговското претпријатие „ЗЕМ-ПРОМЕТ“ — Скопје

распишува

КОНКУРС

за именување директор на Работната организација

(избор)

Покрај општите услови кандидатот треба да ги исполнува и следните услови:

— да има висока стручна спрема од правен или економски смер со 5 години работно искуство на раководно работно место или виша стручна спрема од правен или економски смер со 8 години работно искуство на раководно работно место;

— со судска одлука да не му е забрането вршење на должноста директор, да не бил осуден за кривично дело против народот и државата и службената должност;

— да е здравствено способен;

— да е државјанин на СФРЈ.

Со молбата да се достават сите потребни документи според овој конкурс, како и кратка биографија за досегашното движење во службата.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на неговото објавување.

Молбите испратени без потребни документи нема да бидат земени предвид.

Молбите со документацијата се поднесуваат секој ден во работно време во архивата на Трговското претпријатие „ЗЕМ-ПРОМЕТ" — Скопје, улица „Јордан Хаџи Константинов — Џинот" бб.

(1123)

Работната заедница при Работничкиот универзитет „Тошо Арсов" — Виница

распишува

КОНКУРС

за директор на установата (реизбор)

Кандидатот покрај општите услови треба да ги исполнува следните посебни услови:

— да има висока стручна подготовка со 3 години работно искуство во наставно-воспитната дејност;

— да се истакнува во поглед на наставно-педагошката работа и организационите способности.

Молбите заедно со другите документи се доставуваат до секретарот на Работничкиот универзитет.

Некомплетираните документи нема да се разгледуваат.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето. (1157)

Врз основа на член 12 до 14 од ОЗРО („Службен весник на СРМ" бр. 22/73), член 48 од Статутот на работната организација, член 27 од Правилникот за работни односи и одлуката на работничкиот совет на Автотранспортното претпријатие „Шпилетранс" — Дебар

распишува

КОНКУРС

за именување директор на работната организација „Шпилетранс" — Дебар.

Кандидатот, покрај општите услови предвидени со ОЗРО, треба да ги исполнува и следните услови:

— да има висока стручна подготовка — машински инженер — сообраќајна насока со пет години раководно искуство во слична организација,

— непотполна стручна подготовка со десет (10) години раководно искуство на раководно место во сообраќајна работна организација.

Личен доход според Правилникот за распределба на личните доходи.

Молбите со потребните документи да се доставуваат до кадровската комисија на автотранспортното претпријатие „Шпилетранс" — Дебар.

Конкурсот трае петнаесет дена од денот на објавувањето. (1158)

СОДРЖИНА

Страна

331. Уредба за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување на осигурениците — учесници на Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија — — — — — — 905

332. Одлука за отстапување средства од Резервниот фонд на Социјалистичка Република Македонија за 1973 година — 905

333. Одлука за утврдување на проценти за распределба на приходите на Лотаријата на Македонија во 1973 година — — — 906

334. Одлука за определување на корисниците и износот на средствата за финансирање на целите на социјално-хуманитарните дејности и за развој на физичката култура во 1973 година — — — — — 906

335. Одлука за распоредување на девизната квота по основ на откупените девизни дознаки на работниците и иселениците за 1973 година — — — — — — — 906

336. Решение за именување претседател, членови и заменици членови на Стручната комисија за давање оценка на просторните и урбанистички планови и студии од член 30 и за давање мислење на локацијата на објектите од член 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање — — — — — — — — 907

337. Решение за именување Конкурсна комисија за именување директор на Студентскиот центар во Скопје — — — — 903

338. Правилник за начинот на водењето евиденцијата и за категоризацијата на децата и младинците со пречки и недостатоци во физичкиот и психичкиот развој, како и за нивното примање во специјалните училишта и социјалните установи — — — — — — — — — —908

Општествени договори и самоуправни спогодби

120. Општествен договор за утврдување на условите и критериумите за задолжително примање на приправници — — — 912

Општи акти на самоуправните интересни заедници

121. Одлука за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонесите на здравственото осигурување за одделни категории осигуреници — — — — 914

122. Одлука за височината на стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство — — — 914

123. Одлука за височината на постојаниот износ на учеството на осигурените лица во трошоците за користење на издадените лекови во 1973 година — — — — — 914

124. Одлука за парични надоместоци и помошти — — — — — — — — 915

125. Одлука за височината на учеството на осигурените лица во трошоците за користење на здравствените услуги — — — 915

126. Одлука за учество на осигурените лица во трошоците при користењето на здравствената заштита — — — — — — 916

Издавач: „Службен весник на СРМ" — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Попт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје